# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 20 ДАТА 26.05.2021 ГОДИНА 39

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 20 ДАТА 26.05.2021 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛИКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НАФФМ
- УПАТСТВО ЗА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- РЕШЕНИЈА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ
**Седница од 25.05.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШИШЕВО„ с. Шишево: Муамеди Аган, Муамеди Умејр, по член 35/1.
Бесник И. Синани, Бујар Муамеди од ФК „Риниа 98„ од с. Свиларе, чл. 36/1.
ФК „ЛЕПЕНЕЦ„ Скопје: Стојановски Д. Драган од ФК „Раштак„ од с. Раштак, Мартин Трпковски од ФК „Лепенец„ од Скопје, по член 35/2.
Стојов Кристијан, Костов Кристијан, од ФК „Влае„ од Скопје, по член 35/4.
Антевски Методија и Јанковски Јован, по член 36/1.
ФК „БУТЕЛ„ Скопје: Куртиши М. Ридван од ФК „Чаир А.М.„ од Скопје, по член 35/4.
Сахити С. Елис, по член 35/1.
ФК „БРАТСТВО„ с. Љубин: Дениз Бабачиќ и Јасмин Бабачиќ, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР
**Седница од 25.05.2021 година**
**за ОФС Тетово**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЕС„ с. Камењане: Џемаили В. Елмедин, Исени Ф. Ајан, Лутвија А. Амар, Салаи Ридван, Таири Б. Бенарт, Салиу С. Сали, Џемаили с. Един, по член 35/1.
Шерифи Б. Кренар, Зејнулаи Л. Анес, Ајрули Виган од ФК „Дардане„ Тетово, Кица Б. Арт и Нуредини Г. Виган од ФК „Камјани„ од село Камењане, по член 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА
**Седница од 25.05.2021 година**

❖ **Раскин на професионални договори:**

Женскиот фудбалки клуб „Топ Гол„ од Битола и фудбалерката Миќановиќ Вукица го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, објавен во „Макфудбал„ број 7/21, Спогодбено.

Женскиот фудбалски клуб „Топ Гол„ од Битола и фудбалерката Татиќ Милица го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, објавен во „Макфудбал„ број 7/21, Спогдбнео.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола, фудбалерот Главевски Благојче од Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО
**Седница од 25.05.2021 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БАШКИМИ 1947„ Куманово: Алмир Демири, Арбес Акики, Ерди Зендели, Енсар Асани, Аник Османи, Дрилон Рамадани, Арѓент Рушити, Аљбин Салихи, Деон Акифи, Леарт Малиќи и Ануар Исмаили, по член 35/1.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0202-1259/13
19.05 2021 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 40 став 6 од Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери, Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 19.05.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за пререгистрација на фудбалери од категоријата мал фудбал/футсал**

1. Се задолжуваат сите Општинските фудбалски сојузи (ОФС), членки на Фудбалската федерација на Македонија да извршат пререгистрација на сите регистрирани фудбалери опфатени со категоријата мал фудбал/футсал на територијата која ја опфаќа нивниот ОФС.

2. Пререгистрацијата на фудбалери од категоријата мал фудбал/футсал ќе се спроведе во периодот од 07.09.2021 година до 21.09.2021 година.

3. Пререгистрацијата ќе се спроведува согласно Упатство, составен дел на оваа одлука.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката и упатството да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 19.05.2021 година, утврди дека е потребно да се спроведе пререгистрација на регистрирани фудбалери од категоријата мал фудбал/футсал.

Пререгистрацијата е потребно да се спроведе заради средување и ажурирање на постоечката евиденција на регистрирани фудбалери од мал фудбал/футсал.

Заради овозможување непречено користење на летниот преоден рок од страна на клубовите и фудбалерите , Управниот одбор донесе одлука пререгистрацијата да се спроведе и заврши по завршување на летниот преоден рок 2021ва година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/13

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1259/14
19.05 2021 год

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 40 став 6 од Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери и Одлуката бр.0202-1259/13 од 19.05.2021 година. Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 19.05.2021 година го донесе следното:

# УПАТСТВО

## за пререгистрација на фудбалери од категоријата мал фудбал/футсал фудбал

**член 1**

Оваа пререгистрација претставува постапка која се спроведува со цел средување и ажурирање на документацијата на регистрирани фудбалери опфатени со категоријата мал фудбал/футсал, по клубови и Општински фудбалски сојузи.

За регистрирани фудбалери од став 1 се сметаат сите фудбалери регистрирани согласно одредбите на Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери на ФФМ а кои се се стекнале со право на настап да се натпреваруваат во Прва и Втора футсал лига заклучно со денот кој претходи на првиот ден на пререгистрацијата.

Пререгистрацијата ќе се спроведе во периодот од 07.09.2021 година до/и 21.09.2021 година.

**член 2**

Пререгистрацијата не претставува постапка за регистрирање на нови фудбалери.

Фудбалските клубови имаат право за периодот додека трае пререгистрацијата да регистрираат нови фудбалери согласно одредбите на член 35 став 1 алинеа 1 ( 35/1) од Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

За времетраење на пререгистрацијата нема да се врши регистрација на фудбалери врз основ на трансфер на фудбалери од клуб во клуб.

**член 3**

Со пререгистрацијата се опфатени сите регистрирани фудбалери од член 1 на ова Упатство .

Фудбалските клубови членки на еден ОФС, спроведуваат задолжителна пререгистрација на фудбалерите со професионален статус (со склучени договори за професионално занимавање со фудбал).

Фудбалерите со аматерски статус за кои во периодот на спроведување на пререгистрацијата не е поднесена пријава за пререгистрација од страна на клубот за кој се регистрирани, добиваат статус на непререгистирани фудбалери.

**член 4**

Непререгистрираните фудбалери :

- го губат статусот на регистриран фудбалер на клубот и истите немаат повеќе право да настапуваат за клубот;
- можат да се регистрираат за друг клуб во периодот по завршување на пререгистрацијата врз основа на член 35 став 1 алинеа 2 ( 35/2) од Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери на ФФМ;
- право на настап за новиот клуб стекнуваат веднаш по спроведување на новата регистрација и потврдување во Комет системот;
- можат да преминат во друг клуб без обврска за уплата на надоместок за премин уреден со Одлуката на УО бр.02-577/1-4 од 26.04.2013 година.

Деловоден број 0202-1259/14

Регистрацијата на непререгистрираниот фудбалер за клуб со седиште на територија на друг ОФС, се спроведува со брисовница и со потврда издадена од страна на ОФС дека фудбалерот не е пререгистриран.

**член 5**

Постапката за пререгистрација се спроведува преку ОФС каде клубот територијално припаѓа.

Клубот до Комисијата за регистрација на ОФС за фудбалерот кој го пререгистрира доставува Пријава за пререгистрација читко пополнета на важечкиот формулар за регистрација на фудбалери во три примерока која треба да содржи податоци за:

- матичен број на фудбалерот;
- регистарски број кој фудбалерот го има во Комет системот на ФФМ - ИД број на фудбалерот;
-презиме, име на родител и име на фудбалерот;
-датум и место на раѓање;
-државјанство;
-досегашен клуб (во графата досегашен клуб се внесува називот на клубот кој ја поднесува пријавата за пререгистрација).

Пријавата треба да биде оверена со округли печат и потпишана од овластено лице на клубот.

Фудбалерот не ја потпишува пријавата за пререгистрација.

**член 6**

Еден примерок од пријавата се доставува до надлежното тело на ФФМ за верификација на регистрации, останатите две остануваат за ОФС и клубот.

Пререгистрацијата се евидентира во спортската легитимација на фудбалерот со внесување на податоци на местото предвидено за регистрација:

- место и датум на пререгистрацијата;
- назив и седиште на клубот кој го пререгистрира;
- одредбата 40 од Правилникот за регистрација , статус и трансфер на фудбалери на ФФМ;
- датум на право на настап кој фудбалерот претходно го стекнал со регистрацијата за клубот.

**член 7**

Клубот задолжително со пријавата за пререгистрација доставува:

- нова фудбалска легитимација (книшка)
- три нови фотографии (3 x 4 см) кои соодветствуваат со возраста на фудбалерот за време на оваа пререгистрација.

Клубот за фудбалерите кои во времето на регистрација доставиле извод од родени а во меѓувреме извадиле или извршиле промена на лична карта имаат обврска да достават и копија од лична карта.

**член 8**

Фудбалерот за кој клубот доставил пријава за пререгистрација, а притоа не доставил фотографија и/или имал обврска да достави копија од лична карта а не доставил, ќе се смета за пререгистриран со право на настап по доставување на документацијата која недостасува.

Исполнувањето на условот од претходниот став го утврдува Надлежното тело за верификација на фудбалери на ФФМ.

**член 9**

Управен одбор

Со отпочнување на постапката за пререгистрацијата, ОФС врз основа на ново добиени пријави за пререгистрација формира нова картотека на регистрирани фудбалери.

Податоците во пријавата се внесуваат од страна на клубот врз основа на веродостојни документи.

Пререгистацијата нема да се спроведе доколку за податоците внесени во пријавата се утврди дека се недоволни, погрешно внесени и/или не произлегуваат од веродостојни документи.

Правилно спроведената пререгистрација се објавува во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**член 10**

Ова Упатство е составен дел на Одлуката за пререгистрација бр. 0202-1259/13 од 19.05.2021 година.

**член 11**

Упатството се објавува во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/14

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 11-27/10
20.05.2021 год.

Врз основа на член 121 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 11 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев-член, Раде Трајковски-член на седницата одржана на 19.05.2021 година, постапувајки по барањето на Фудбалски клуб Пелистер АД Битола, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. **СЕ ОДБИВА** барањето на Фудбалски клуб Пелистер АД од Битола, со седиште на ул. Томаки Димитровски бр.7-1 – Битола, со ЕМБС 6806830 и ЕДБ 4002012529055 за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во УЕФА за сезона 2021/2022 во организација на УЕФА, бр. 11-27/4 од 01.03.2021 година.

2. **НЕ СЕ ИЗДАВА лиценца** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2021/22 на Фудбалскиот клуб Пелистер АД Битола.

3. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска противвредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.
4. Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

**Образложение**

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 19.05.2021 година, го разгледа барањето доставено од Фудбалски клуб Пелистер АД Битола,за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезона 2021/22.

Комисијата го разгледуваше секој критериум засебно и сите заедно и во текот на постапката го задолжи клубот за дополнување на документацијата во определени сегменти.

Од доставената документација поврзана со инфраструктурните критериуми Комисијата констатира дека подносителот на барањето, меѓународните натпревари предмет на оваа лиценца, како домаќин ќе ги игра на Национална Арена Тодор Проески во Скопје. Во врска со исполнетоста на критериумите ја утврди следната фактичка состојба:

По разгледување на целокупната доставена документација во поглед на исполнетоста на спортските, инфраструктурните, персонално-административните и правните критериуми согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање на клубови за

учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата утврди дека се исполнети.

Финансики критиеруми не се исполнети, прекршување на член 52, обврски кон клубови и вработени. Ревизорски извештај и извештај за работа на посредници не е објавен на клубски веб сајт.

Согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата утврди дека не се исполнети условите за издавање лиценца за учество во натпреварувањата во организација на УЕФА за сезона 2021/22 година.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

Комисија за лиценцирање на ФФМ

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 11-59/10
20.05.21 год.

Врз основа на член 121 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 11 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев-член и Раде Трајковски-член на седницата одржана на 19.05.2021 година, постапувајќи по барањето на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Беласица АД Струмица, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДБИВА барањето** Бр. 11-59/2 од 01.03.2021, в.в со пријавата број 11-2719/1 од 21.12.2020 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА на Акционерското Друштво **Фудбалски клуб Беласица АД Струмица**, со седиште на ул. 11 Октомври бр.39 Струмица ЕМБС: 5681707 и ЕДБ: 4027002155176,
2. **НЕ СЕ ИЗДАВА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2021/22 на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Беласица АД Струмица.
3. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска противвредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.
4. Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 19.05.2021 година, го разгледа барањето доставено од Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Беласица АД Струмица, за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезона 2021/2022.

Комисијата го разгледуваше секој критериум засебно и сите заедно и во текот на постапката го задолжи клубот за дополнување на документацијата во определени сегменти.

Од доставената документација поврзана со инфраструктурните критериуми Комисијата констатира дека подносителот на барањето, меѓународните натпревари предмет на оваа лиценца, како домаќин ќе ги игра на Стадион Благој Истатов во Струмица.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

По разгледување на целокупната доставена документација во поглед на исполнетоста на спортските, инфраструктурните, персонално-административните критериуми утврди дека се исполнети во целост.

Правните критеируми не се исполнати во целост и клубот не Побарана е но не е доставена Изјава за непостоење „сопственост"со која се потврдува дека при трансфери и склучување на договори со фудбалерите ,немало влијание, отстапени права и бенефит за трета страна-потпишана од овластено лице.

Финансиските критериуми не се исполнети во однос на член 53а – обврски кон ФФМ и клубот нема објавено на својот веб сајт ревизорски извештај и извештај за активности на посредници. Клубот нема веб – сајт. Клубот не достави идни финансиски информации иако беше навремено известен. Ревизорското мислење е со резерва. Обврските кон добавувачи и трошоци се потценети за 287 илјади денари, и има нагласување на прашање за континуитет. Загубата изнесува 616 илјади денари, негативен акционерски капитал од 1.913 илјади денари. Според ревизорскиот извештај сопствениците се обврзале да обезбедат финансиска поддршка, и да извршат отпис на своите побарувања во износ од 2.518 илјади денари, со што ќе се покрие загубата од 2020 година и дел од акумулираните загуби.

Согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата утврди дека **не се исполнети условите за издавање лиценца** за учество во натпреварувањата во организација на УЕФА за сезона 2021/22 година.

Комисија за лиценцирање на ФФМ
Претседател,
Александар Најдовски

Доставено до:

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 11-87/10
20.05.2021 од

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 121 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 11 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев-член и Раде Трајковски-член на седницата одржана на 19.05.2021 година, постапувајќи по барањето на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДБИВА барањето** Бр. 11-87/3 од 01.03.2020, в.в пријавата бр. 11-2717/1 од 21.12.2020 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА на Друштвото за спортски дејности **Фудбалски клуб Вардар АД Скопје**, со седиште на ул. 1732 бр. 2а во Скопје-Центар ЕМБС: 6756263 и ЕДБ: 4080012526200,
2. **НЕ СЕ ИЗДАВА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2021/22 на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје.
3. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска противвредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.
4. Диспозитивот на решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 19.05.2021 година, го разгледа барањето доставено од Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезона 2021/22.

Комисијата го разгледуваше секој критериум засебно и сите заедно и во текот на постапката го задолжи клубот за дополнување на документацијата во определени сегменти.

По разгледување на барањето и доставената документација во текот на постапката, Комисијата во поглед на исполнетоста на бараните критериуми за добивање на лиценца за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, согласно

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, ја утврди следната фактичка состојба:

Спортските, инфраструктурните и персонално-административните и критериуми се исполнети во целост.

Правните критериуми

Од документацијата доставена од Барателот до Комисијата, Комисијата утврди дека барателот не ги доставил потребните информации меѓу кои и информации и дијаграм за правната структурана барателот како и изјава по член 47 с.1од Правилникот за лиценцирање на клубови за УЕФА натпреварувања заверена на нотар. Од тие причини Комисијата утврди дека не се исполнети во целост правните критериуми.

Финансиски критериуми

Комисијата утврди дека Барателот на лиценца нема доставено документи (ревизорски извешати, табели за идентификација на играчи и вработени) и нема објавено ревизорски извешати и извештај за работа на посредниците на својот веб сајт и со тоа не ги исполнил финансиските критиериумите предвидени во ФФМ Правилникот за лиценцирање на клубови за учествово УЕФА натпревари за сезона 2021/22

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата едногласно утврди дека согласно Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во УЕФА за сезона 2021/22, **не се исполнети условите** за стекнување на лиценца, по што одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:

Доставено до:
-Подносителот на барањето
-Макфудбал
-Генерален Секретар на ФФМ

Комисија за лиценцирање на ФФМ
Претседател,
Александар Најдовски

# МАКФУДБАЛ


е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**